РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 01-511/1
01-06-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 став (1) точка (21) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020) и член 10 став (1) од Деловникот за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: КСЗД), на седница одржана на 28.05.2026 година, донесе

# ПРОЦЕДУРА
## за прием, советување и телефонска комуникација со странки во КСЗД

**1. Цел на процедурата**
Со оваа процедура се уредува начинот на организирање и спроведување на прием и советување на странки, како и организацијата на телефонската комуникација во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со цел обезбедување на ефикасно, координирано и професионално постапување.

**2. Отворени денови за прием на странки**
КСЗД воведува отворени денови за прием и советување на странки во следните термини:

- Понеделник од 10:00 до 12:00 часот
- Четврток од 12:00 до 14:00 часот

Приемот и советувањето на странките се врши во просторија/простории определени од страна на КСЗД.

**3. Организација на службата за прием**
(1) Одделението за заштита изготвува месечен распоред за ротирање на службата за прием и советување на странки.
(2) Распоредот се доставува до сите вработени и членови навремено, пред почетокот на месецот за кој се однесува.
(3) Членовите на КСЗД, по меѓусебен договор, организираат присуство на минимум еден член за време на отворените денови.

**4. Простории за прием**
(1) Приемот на странките се спроведува во просторија или повеќе простории определени од страна на КСЗД.
(2) Просториите треба да обезбедуваат услови за доверливост и непречено водење на разговорите со странките.
(3) Во просториите секогаш има испечатени формулари за претставки.

**5. Известување за отворените денови за прием и советување**
Известување за отворените денови за прием и советување е објавено на влезната врата на Комисијата и на официјалната веб страница на Комисијата.

**6. Организација на телефонската линија**

(1) Службата изготвува распоред за ротирање на службениот телефон помеѓу сите вработени од сите канцеларии.

(2) Телефонот се распределува по принцип на неделна ротација.

(3) Распоредот за ротација генералниот секретар го доставува до сите вработени навремено.

**7. Користење на телефонската линија**

(1) Еден од телефонските броеви објавени на веб-страницата, социјалните мрежи и службените електронски адреси на КСЗД се повлекува од употреба и се брише од јавните објави.

(2) Телефонската линија што останува во употреба не се користи за давање информации во врска со предмети, без разлика дали се тековни или завршени.

(3) Странките се упатуваат за сите информации и комуникација поврзани со предмети или правна помош да се обратат писмено на службената електронска адреса на КСЗД.

(4) Следењето и одговарањето од службената електронска адреса на КСЗД ќе продолжи по веќе утврдениот принцип.

(5) По телефон не се соопштува кој вработен или член постапува по конкретен предмет.

**8. Завршни одредби**

Оваа процедура стапува во сила со денот на нејзиното усвојување и истата ќе се објави на официјалната веб страница на Комисијата.

Оваа процедура задолжително се применува од страна на сите вработени и членови на КСЗД.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател
Душан Томшиќ